**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2020 година (арх. бр. 293670/1 од 14.05.2021 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 17.06.2021 година, ја донесе следната

# Предлог Одлука

## за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2020 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" во износ од 1.727.372.805,00 денари (една милијарда седумстотини дваесет и седум милиони триста седумдесет и две илјади и осумстотини и пет денари) на следниов начин:

1. Дел за исплата на бруто дивиденда во износ од 1.381.898.244,00 денари (една милијарда триста осумдесет и еден милион осумстотини деведесет и осум илјади и двесте четириесет и четири денари), во кој износ се вклучени сите даноци, доколку е применливо, и кои ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата.
2. Дел за задржана добивка за инвестиции во квалификувани материјални и нематеријални средства во износ од 345.474.561,00 денари (триста четириесет и пет милиони четиристотини седумдесет и четири илјади и петстотини шеесет и еден денар).

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**